Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ЖЕЛИНО / KOMUNA E ZHELINËS
Бр.-Nr. 04-1044/13
27.01.2026 год.-viti
Желино - Zhelinë

Република Северна Македонија/Republika e Maqedonisë së Veriut

ОПШТИНА ЖЕЛИНО/KOMUNA E ZHELINËS

Ж Е Л И Н О/ZH E L I N Ë

---

Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 , 11/2018,275/2019,14/20 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/2025, 252/2025 и 266/2025), и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување а во врска со објавениот јавен оглас за вработување (бр.1156/2025 од 11.12.2025 година), Градоначалникот на Општина Желино донесе:

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по објавен јавен оглас
за вработување на административен службеник во Општина Желино

**I.** За работното место објавено во јавниот оглас за вработување на административни службеници во Општина Желино, избран е следниов кандидат:

1. За работното место под реден број 1 –**Советник - овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ**, со шифра **ИНС 01 01 В01 001** се избира кандидатот - **Јасин Шаќири.**

**II.** За наведеното работно место предвидени се средства во Буџетот на Општина Желино за 2026 година во ставка 401и 402, подставка 401120.

**III.** Оваа одлука стапува на сила 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 11.12.2025 година во дневните весници „Вечер “, „Нова Македонија“ и „Лајм“ беше објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во општинската администрација на Општина Желино.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас со Записник бр. 10-2780/4 од 29.12.2025 година изврши административна селекција по оглас бр. 1156/2025 и констатира дека за огласеното работно место се пријавиле вкупно 11 кандидати од кои 7 уредни кандидати и 4 неуредни кандидати..

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 15.01.2026 година се спроведе испит за административен службеник (Записник бр. 10-2780/5 од 15.01.2026 година), испитот го полагаа 2 кандидати и успешно го положил, а на ден 23.01.2026 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник, (Записник бр. 10-351/3 од 23.01.2026 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр.1156/2025 , и истата беше доставена до Градоначалникот на Општина Желино, при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Градоначалник
на Општина Желино
**Блерим Сејдиу**

**Доставено до:**

- Архива
- Именуваниот/та
- Агенција за администрација- Скопје
- Одделение за човечки ресурси